

 **Дичо Андонов**

Дичо Андонов ( 1882 – 31. V 1903) е македонски револуционер, костурски реонски војвода и член на Македонската револуционерна организација (МРО) Завршил петти клас во Битолската егзархиска гимназија, кога станал член на МРО. Дичо Андонов или Антонов, шознат како Лобански, во 1901 година станал нелегален, а во 1903 година бил назначен за реонски војвода. Во познатите борби при месноста Локвата и Вињари

(крајот на мај 1903 година), заобиколен од османлиската војска, за да не падне жив во нивните раце, се самоубил.

Дичо Андонов е роден во 1882 година во  костурското село Лобаница, Егејскиот дел на Макединија, Основно училиште завршил во родното село, а потоа учел во Костурската егзархоска гимназија. Своето образование го продолжил во Битолската егзархиска гимназија, каде завршил петти клас и станал член на Македонската револуционерна организација (МРО). Во Битола негов близок другар бил Атанас Кршаков, со кого ја оставиле науката и ја зеле пушката за да се борат за слобода на Македонија.

По завршувањето на петтиот клас на гимназијата во Битола, Дичо се вратил во родниот крај и пристапил на Костурскиот кружок во кој биле Лазар Поп Трајков, Лазар Москов, Пандо Кљашев, Васил Чакаларов и др. Во 1901 година станал нелегален и како четник на МРО, другар по оружје, учествувал во сите големи борби во Костурско.

Во 1902 година Дичо учествувал во борбата кај Вишени, во која загинале Лазар Москов и Никола Рашајков. Во март 1903 година бил назначен за реонски војвода на Д’мбенскиот реон, а на само два месеци пред Илинденското востание, участвувал во битката кај Смрдеш, водена од Борис Сарафов, Васил Чекаларов и Пандо Кљашев. Во борбата против неколку пати побројниот непријател, учествувале селските чети од селата Д’мбени и Косинец, како и четата на Дичо Андонов.

На 31 мај 1903 година четата на Дичо Андонов – Лобански била опколена во Д’мбенската планина од многубројната потера  на османлиската војска и по долгиот и крвав бој во местноста Локвата, се самоубил, за да не биде биде заробен.

Во борбата која траела цели четиринаесет часа, меѓу 1000 турски војници и околу 150 македонски четници, загинале околу 200 Турци и околу 15 македонски четници меѓу кои: младиот војвода Дичо Андонов, Кољо п. Станишев Шинчето, Христаки Киселинчев, Лаки Поповски Бомбаџијата, Лазар Цуцулев, Георги Чекаларов и др.

Младиот војвода Дичо Андонов не бил заборавен од месното македонско население, а Лазар Поп Трајков го увековечил во поемата „Локвата и Вињари“.

„...До еден со доблест станаа жртви
на храбриот Дичо четниците горди;
и ранети тука, па дури и мртви,
насилија трпат од турските орди.

(...)

И верен на честа, на должноста верен,
млад Дичо што уште душа крепи страдна,
во челото свое со парабел вперен,
од својата рака тој усмртен падна....“